1071

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
7. V. 1966

# Помеѓу стилизација и сентименталност

## Изложба на Борис Недел во Скопје

Во изложбениот салон на Работничкиот дом-универзитет во Скопје, со околу 40-тина слики и графички листови, ни се претстави македонскиот сликар што живее во странство Борис Недел. Затоа не е чудно што во неговото сликарство сретнуваме еден по малку необичен свет, што е преда̀ден преку карактеристичната ритмика и забрзаното темпо на живот во западните земји. Оттаму, предмет на таквите слики се исклучиво џез-свирачи, што се компонирани поединечно или во помали ансамбли. Борис Недел никогаш не претендира да ги претстави во реалистичка форма овие свирачи, туку ги стилизира до крајна мерка, така што често потсетуваат на припремни слики за ѕидно сликарство со декоративен карактер. Од време навреме само по некој светол акцент, што треба да означува труба или некој друг дувачки инструмент, ја разбива таа декоративна насоченост на неговото сликарство.

Во очигледното кубистичко решение на неговите предмети тој несомнено многу се потпира врз остварувањата на ветераните на кубизмот (Пикасо и Брак). Постојано третираната тема на џез-свирачи Недел го принудува на големи стилски повторувања. За да го одбегне лошиот впечаток што може да го предизвикаат таквите повторувања, тој својата слика ја расчленува до максимум, а тоа уште повеќе го збунува вкусот на оној што бара чисти ликовни, односи и рафинирани решенија. Таквиот впечаток создава непремостлив јаз помеѓу неговото сликарство и помеѓу испитувачот на неговото сликарство, кој не може да стигне на одговорен начин до суштината на тоа што сака да ни го каже сликарот. Овие негови слики изгледаат повеќе како студии или скици, токму поради тоа што не решаваат некој одреден ликовен проблем (барем, не може да не убеди во решавањето на таков проблем), а според тоа станува јалова и неговата тематска намера.

Другата половина од неговите експонати наполно се разликуваат од сликите за кои зборувавме. Во нив, главно, третира сентиментална тематика, што ја потенцира со непиктурална контура. Додека во првите слики колоритот му е прилично смирен и декоративен, во овие слики тој употребува очигледни бои — често што се совпаѓаат со извесен намерен кич. Очигледно овие слики се однапред применети за некого и условени од извесен просечен вкус. Изразитата и претераната меланхолија и патетика, јасно говорат дека сликарот во овој случај се изедначил со просечниот вкус, односно се спуштил до нивото на вкусот на просечните љубители на уметноста, се разбира, што не е во согласност со улогата на уметникот кој треба да го издигнува просечниот и „слаткиот" вкус.

Неколкуте графички листови се разликуваат од духот на неговото сликарство со тоа што тука помалку се сретнуваат компромисни и сентиментални мотиви. Во нив Недел инсистира на прочистување на ликовните форми, а во две три графики тоа му пошло од рака, благодарејќи на доста чистата техничка изведба.

**Паскал Гилевски**